– „Во светот на дентофацијалната ортопедија“, Симпозиум на Здружение на специјалисти по ортодонција, 14 април 2018, Скопје, Р Македонија.

Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето:

(НО)=; (НИ)= 213.258; (САОР)= 9 или вкупно 222.258 поени

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на анализата на приложените документи, како и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија е едногласна во оцената дека со целокупната своја досегашна работа **д-р Весна Трпевска** има голем придонес во наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност.

Врз основа на приложениот материјал, како и во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип **кандидатката д-р Весна Трпевска да биде избрана за наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област ортодонција (30403), поле стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
проф. д-р Марија Зужелова, претседател
проф. д-р Миљаим Сејдини, член
проф. д-р Цена Димова, член

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

**за д-р Весна Трпевска**

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | Вкупно |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | Вкупно |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| 3 | Научен труд со импакт фактор<br>- прв автор –бр. 4 (**IF= 6,391**)<br>- останати автори – бр. 17 (IF= 0.108) | 2 | 1x15 + 6.391=21.391<br>1x 5 + 0.108= 5.108 | | | **26.499** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **4** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание прв автор - бр. 2, 3, 5, 6, 7, 9, 12, 15 | 8 | 8x9=72 | | | **72** |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание втор автор –бр. 8, 10, 11, 13 | 4 | 4x6=24 | | | **24** |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание останати автори – бр.1,16,18,19,20,21 ,23 | 7 | 7x3=21 | | | **21** |
| **5** | Труд со оригинални резултати објавен во зборник на трудови на научен собир - бр. 26, 38, 39, 47, 53 | | | 5 | 5x3 =15 | **15** |
| **9** | Учество на научен собир со реферат во земјава (постер) | | | | | |
| | Учество на научен собир со реферат во странство (постер)<br>- бр.24, 25, 27, 28, 29, 31, 33, 34, 37, 40, 41, 42, 43, 44, 45, 46, 48*, 50<br><br>48* (IF=1.259) | | | 18 | 17x1.5=25.5<br>+<br>1x1.5+1.259=2.759 | **28.259** |
| | Учество на научен собир со реферат во земјава (усно) (бр. 54) | 1 | 1.5 | | | **1.5** |
| | Учество на научен собир со реферат во странство (усно)<br>- бр. 30, 35, 36, 51, 52 | | | 5 | 2 | **10** |
| **10** | Одбранета докторска теза | 1 | 8 | | | **8** |
| **11** | Одбранета специјализација | 1 | 6 | | | **6** |
| **20** | Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал (бр.20.1) | 1 | 1 | | | **1** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **213.258** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| **5** | Труд во стручно (научно популарно) списание (бр. 14, 22) | 2 | 2 | | | **4** |
| **8** | Учество на стручен собир со реферат (постер/усно) (бр.32, 49) | 2 | 0,5 | | | **1** |
| **19** | Стручни награди / Признанија (бр. 19) | 1 | 4 | | | **4** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **9** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **222.258** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ ВИШ ЛЕКТОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТУРКОЛОГИЈА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1902-120/5 донесена на 268. седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет, одржана на 22.5.2023 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во наставно-стручно звање *виш лектор* за наставно-научната област 64002 *туркологија* на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во следниот состав:

1. проф. д-р Махмут Челик (област туркологија), редовен професор на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – **претседател**;

2. проф. д-р Марија Леонтиќ (област туркологија), редовен професор на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – **член**;

3. доц. д-р Рефиде Шаини (област туркологија), доцент на Факултетот за образовни науки при Меѓународниот балкански универзитет во Скопје – **член.**

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ од 28.4.2023 година и во предвидениот рок се пријави:

1. Ивана Котева, лектор за наставно-научната област туркологија на Групата за турски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Р Македонија.

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет да му го поднесеме следниов:

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката м-р Ивана Котева е родена на 3.10.1985 година во Кочани. Средно образование завршува во стручното медицинско училиште „Јане Сандански“ во Штип. Во 2016 година завршува додипломски студии на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, на Групата за турски јазик и книжевност, отсек – преведување и толкување, со просек 9.82 и се стекнува со стручен назив дипломиран филолог – преведувач и толкувач по турски јазик. Своето понатамошно усовршување го продолжува на постдипломски студии на Групата за турски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип од областа турска книжевност. По положувањето на сите испити предвидени со програмата за постдипломски студии, со просечна оценка 9.42, во 2018 година успешно го одбранува магистерскиот труд

со наслов: „Поетското творештво на Илхами Емин објавено на македонски јазик“ и се стекнува со академски назив магистер по филолошки науки од областа турска книжевност. Од академската 2021/2022 год е запишана на докторски студии на Меѓународниот балкански универзитет во Скопје, на Факултетот за образовни науки на Катедрата за турски јазик и книжевност и работи на докторската дисертација со тема: „Хуманистичките аспекти во македонскиот роман со теми од османлискиот период“.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање виш лектор***

1. М-р Ивана Котева има завршено прв и втор циклус студии во областа во која се бира – наставник во наставно-стручно звање *виш лектор* за научната област *турклогија* на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

2. Ги завршува студиите од прв и втор циклус со просек од најмалку 8 (просечна вредност – нејзиниот просек на оцените од прв циклус студии е 9.82, а од втор циклус студии 9.42).

3. Има објавено научни и стручни трудови во областа во која се избира (подолу следи нивна евалуација).

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Челик, М., Котева, И. | *Историски развој дечје књижевности у Турској* | Зборник радова / Васпитач у 21. веку | од 2020 |
| 2 | Şaini, R., Koteva, İ. | *Kuzey Makedonya Türk Çocuk Edebiyatı Dergisi "Tomurcuk"* | IV. Uluslararasi Türklerin Dünyası Sosyal Bilimler Sempozyumu | од 2020 |
| 3 | Koteva, İ., Şaini, R. | *Radoviş Yöresi Halk Masalları* | IV. Uluslararasi Türklerin Dünyası Sosyal Bilimler Sempozyumu | од 2020 |
| 4 | Челик, М., Котева, И. | *Мистичните патеки на Мевалана и Јунус Емре* | Печатница 2-ри Август | од 2020 |
| 5 | Котева, И., Челик, М. | *Анализа на песната „Тешкото“ од Блаже Конески* | Зборник на трудови / ПАЛИМПСЕСТ | Од 2021 |
| 6 | Котева, И., Челик, М. | *Весници и списанија на турски јазик од македонското поднебје* | Зборник на трудови / ФИЛКО | од 2021 |
| 7 | Kuzmanovska, D., Koceva, V., Vitanova- Ringaceva, A., Kirova, S., Ivanova, B., Koteva, I., Todorova, M. | *Perception of women in society given through proverbs and sayings* | Edulearn22 Proceedings | од 2022 |

4. Покажува способност за наставна работа, владее со проблемите на својата дисциплина и има практично искуство во наставната работа.

Кандидатот м-р Ивана Котева има завршено втор циклус студии од научната област турска книжевност. Има работно искуство во наставно-образовната дејност и успешно владее со проблемите на својата дисциплина, што значи дека ги исполнува законските услови за избор во звање виш лектор.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Од февруари 2018 г. до ноември 2019 г. работи како волонтер на Групата за турски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип. Од ноември 2019 г. работи како лектор во наставно-научната област туркологија во рамките на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Во рамките на наставно-образовната дејност на Филолошкиот факултет кандидатката се покажа како сериозен педагошки работник кој поседува солидни вештини на комуникација, како и способност за организирање и имплементирање на сите задачи и задолженија.

Кандидатката беше ангажирана на Катедрата за турски јазик и книжевност за изведување лекторска настава по следните предмети:

Зимски семестар во 2019/2020 година:

1. Современ турски јазик 1 (предавања и вежби);
2. Современ турски јазик 3 (предавања и вежби);
3. Современ турски јазик 5 (предавања).

Летен семестар 2019/2020 година:

1. Современ турски јазик 2 (предавања и вежби);
2. Современ турски јазик 4 (предавања и вежби);
3. Современ турски јазик 6 (предавања).

Зимски семестар во 2020/2021 година:

1. Современ турски јазик 1 (предавања и вежби);
2. Современ турски јазик 3 (предавања и вежби);
3. Фонетика и фонологија на современиот труски јазик 1 (вежби).

Летен семестар 2020/2021 година:

1. Современ турски јазик 2 (предавања и вежби);
2. Современ турски јазик 4 (предавања и вежби);
3. Современ турски јазик 6 (предавања).

Зимски семестар во 2021/2022 година:

1. Современ турски јазик 1 (предавања и вежби);
2. Современ турски јазик 3 (предавања и вежби).

Летен семестар 2021/2022 година:

1. Современ турски јазик 2 (предавања и вежби);
2. Современ турски јазик 4 (предавања и вежби).

Зимски семестар во 2022/2023 година:

1. Современ турски јазик 1 (предавања и вежби);
2. Современ турски јазик 3 (предавања и вежби).

Летен семестар 2022/2023 година:

1. Современ турски јазик 2 (предавања и вежби);
2. Современ турски јазик 4 (предавања и вежби).

Покрај наведените обврски, таа ги извршува одговорно и совесно и сите други задачи за потребите на Катедрата за турски јазик и книжевност, Факултетот и Универзитетот.

Заедно со проф. д-р Махмут Челик ја издадоа книгата „Мистичните патеки на Мевлана и Јунус Емре" која за студентите со немајчин турски јазик на Групата за турски јазик и книжевност претставува помошен учебник за предметот Стара турска книжевност.

М-р Ивана Котева важи и за активен истражувач, а доказ за тоа се нејзините досегашни учества на повеќе национални и меѓународни научни собири, нејзините објавени трудови во национални и меѓународни зборници и сл.

Во продолжение следуваат насловите на објавените трудови со научната евалуација за целиот период до изборот на кандидатката м-р Ивана Котева во наставно-стручно звање *виш лектор:*

1. Челик, М., Котева, И. (2020). *Историски развој дечје књижевности у Турској.* Зборник радова / Васпитач у 21. веку. ISBN 978-86-7746-798-2 стр.372-376

Во овој труд е направен развоен преглед на детската книжевност во Р Турција. Тргнувајќи од фактот дека детската книжевност ги опфаќа делата наменети за децата, се вели дека првите примери на оваа литература во светот потекнуваат од усната традиција, а тоа се брзозборките, приспивните песни, поезијата, приказните, еповите и др. Во Р Турција се до Републиканскиот период речиси и да немало дела кои и припаѓаат на детската книжевност. Првите дела всушност се преводи од француски на турски јазик. Во Вториот уставен период се појавуваат повеќе автори кои почнуваат да творат дела наменети за децата, но најплодните години за оваа книжевност на територијата на Р. Турција се 1970-тите години и оттогаш па наваму е создаден богат книжевен опус кој може да се пофали со извонредна содржина, стил и јазик.

2. Şaini, R., Koteva, İ. (2020). *Kuzey Makedonya Türk Çocuk Edebiyatı Dergisi „Tomurcuk“.* IV. Uluslararasi Türklerin Dünyası Sosyal Bilimler Sempozyumu s. 867-872

Турското списание за деца „Томурџук“ во Р Северна Македонија има големо влијание врз развојот на детската и воопшто на целата турска литература на овие простори. Ова списание на Турците во Р Македонија излегуваше од 1957 до 2004 година. Во списанието, наменето за најмалата читателска публика, им е отстапено место на многу писатели и поети кои пишуваа на полето на образовнието, културата, книжевноста и историјата.

3. Koteva, İ., Şaini, R. (2020). *Radoviş Yöresi Halk Masalları.* IV. Uluslararasi Türklerin Dünyası Sosyal Bilimler Sempozyumu s. 867–872

Во овој труд се запишани 5 народни приказни од усната традиција на Турците кои живеат во Општина Конче – Радовиш. За жал, голем број од овие народни приказни веќе заминале во заборав. Целта на овој труд е да се соберат и повторно да се оживеат приказните од овој регион, односно да не дозволиме да се заборави дијалектот на кој се раскажуваат овие приказни, какви зборови се употребувале и каков вид на приказни се раскажувале во тој период. Приказните приложени во овој труд се одличен пример за убаво, чесно и толерантно однесување во животот.

4. Челик, М., Котева, И. (2020). *Мистичните патеки на Мевлана и Јунус Емре.* Штип: Печатница 2 Август.

Книгата претставува помошен учебник за предметот „Стара турска книжевност“ за студентите со немајчин турски јазик. Останантите читатели, пак, ги запознава со корените на турската литература и нејзините големи претставници – Мевлана Џелаледин Руми и Јунус Емре. Во неа се искажува важноста на овие големи филозофи и мистични лиричари со кои турската литература и култура се гордее.

5. Котева, И., Челик, М. (2021). *Анализа на песната „Тешкото“ од Блаже Конески.* Меѓународно списание Палимпсест бр. 12,117–124.

Антологиската песна „Тешкото“ од истакнатиот македонски поет Блаже Конески ја оживува историјата и традицијата на Македонија. Анализирајќи ја песната во овој труд се дојде до заклучок дека преку тешкото оро поетот на симболичен начин ги прикажува вековните страдања и измачувања на македонскиот народ, но и неговата бунтовност и стремеж за слобода. Огорчениот народ го поведува бунтовничкото оро што ја означува слободата и светлата иднина.

6. Котева, И., Челик, М. (2021). *Весници и списанија на турски јазик од македонското поднебје.* Зборник на трудови / ФИЛКО.

Во овој труд се резимирани резултатите од истражувањето за списанијата издадени на турски јазик во Р Македонија, како и нивното влијание врз развојот на турската книжевност на овие простори. Почетоците на турската книжевност во Македонија датираат од османлискиот период, но од тој период, па сѐ до 1944 год. заедно со списанието „Бирлик“ како еден систем, во оваа книжевност се забележува посебен развој. Во трудот се застапени сите списанија кои се дел од основањето и развојот на турската книжевност во Македонија.

7. Kuzmanovska, D., Koceva, V., Vitanova-Ringaceva, A., Kirova, S., Ivanova, B., Koteva, I., Todorova, M. (2022). *Perception of women in society given through proverbs and sayings.* Edulearn22 Proceedings. ISBN: 978-84-09-42484-9 pp.5345-5349

Во овој труд е прикажана перцепцијата на жената во општеството преку поговорки и изреки. Во истражувањето учествуваа студенти од трета и четврта година на Катедрите за македонски, германски, англиски, италијански и турски јазик, како и студентите од курсот по шпански јазик при Филолошки факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Нивната задача беше да соберат 50 поговорки и изреки од споменатите јазици, а потоа со нивните професори ментори да ги пронајдат еквивалентите во македонскиот јазик. Преку нив жената е прикажана во позитивен и негативен контекст.

Сите овие активности укажуваат на успешноста на кандидатката Ивана Котева во наставно-педагошката и научно-истражувачката дејност.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Кандидатката активно учествува во низа стручно-апликативни и организациски активности на Групата за турски јазик и книжевност и на Филолошкиот факултет.

Учествува во организирање на различни вебинари и работилници.

Како помошник преведувач членува во Комисијата за испити за македонски јазик за странци при Институтот за јазици.

Исто така е и тестатор за познавање на турскиот јазик при Институтот за јазици.

Како преведувач од македонски на турски јазик и обратно учествува во активности за потребите на Центарот за односи со јавноста при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната досегашна активност која е изнесена во овој реферат, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката м-р Ивана Котева поседува квалитети и способности во наставно-образовната и научно-истражувачката дејност и покажува темелна посветеност и залагање во извршувањето на работните и професионалните обврски.

Поради тоа, Рецензентската комисија со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип **да го усвои овој извештај и да ја избере кандидатката м-р Ивана Котева во звањето *виш лектор* за научната област туркологија на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
проф. д-р Махмут Челик, редовен професор, претседател, с.р.
проф. д-р Марија Леонтиќ, редовен професор, член, с.р.
доц. д-р Рефиде Шаини, доцент, член, с.р.

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ИСТОРИЈА НА ФИЛОЗОФИЈАТА И ЕТИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ„ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1602-77/7 од 19.4.2023 година донесена на 183. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки, одржана на 19.4.2023 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *историја на филозофијата и етика* на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во следниов состав:

- проф. д-р Дејан Донев, редовен професор на Институтот за филозофија на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје (претседател);
- проф. д-р Сузана Симоновска, редовен професор на Институтот за родови студии на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје (член);
- проф. д-р Ристо Солунчев, редовен професор на Институтот за филозофија на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје (член).

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ од 28.4.2023 година и во предвидениот рок се пријави само еден кандидат:

проф. д-р Трајче Стојанов, вонреден професор на Факултетот за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, при што ги достави следниве документи:

- Диплома за завршено соодветно образование – докторат (еден оригинален примерок и три копии заверени кај нотар);
- Дипломи за завршен прв и втор циклус на студии (еден оригинален примерок и три копии заверени кај нотар);
- Уверение за положени испити на прв и втор циклус на студии (копии заверени кај нотар);
- Кратка биографија (CV) во четири примероци;
- Список на објавени трудови;
- По еден примерок од трудовите (објавени во последните пет години);
- Потврда за познавање светски јазик (англиски);
- Примерок од докторскиот труд;
- Уверение за државјанство.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно- научниот совет на Факултетот за образовни науки, при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, да му го поднесеме следниов:

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот проф. д-р Трајче Стојанов е роден на 25.3.1977 година во Штип, каде завршува основно и средно гимназиско образование. Дипломира на 25.10.2000 година на *Институтот за филозофија* на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, со просечен успех 9,40 како трет најдобар студент на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.

На Институтот за филозофија ги запишува и постдипломските, магистерски студии, завршувајќи ги со висока просечна оценка 9,75. Со одбраната на магистерскиот труд со наслов: „*Философско-религиските импликации во творештвото на Ф. М. Достоевски*“, на 30.11.2007 година, се здобива со научен степен магистер по филозофски науки.

На 12 јуни 2013 година, пак, ја одбранува докторската дисертација на тема „*Основни проблеми и особености на руската религиска философија*“ и се стекнува со научната титула доктор на филозофски науки.

Работи како новинар во локални и национални медиуми, а од 2002 година, па сè до денес, проф. д-р Трајче Стојанов гради академска кариера на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, како и на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип. Имено, бил ангажиран, прво како помлад асистент на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, а во 2003 година и како асистент на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Во 2013 година е избран за доцент на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, а од 2018 година е избран и за вонреден професор на истиот факултет и универзитет.

Специјализира во Москва, Руска Федерација, каде во 2008 година врши истражувања за својата докторска теза на МПГУ – Москва, а под менторство на проф д-р Михаил М. Маслин од Универзитетот „Ломоносов“. Во 2014 година реализира и постдокторски престој на Универзитетот „Ст. Олаф“ во Нортфилд, Минеаполис, САД, каде работи на компаративни истражувања од областа на егзистенцијализмот и руската книжевност.

Проф. д-р Трајче Стојанов е добитник на бројни признанија и награди во земјата и во странство. Така, добитник е на признанието *Најдоброто од науката и образованието* на *Здружението на новинари на Македонија – Исток,* а во 2020 година станува носител на највисокото признание на Општина Штип, *Осмоноемвриска награда*, по повод ослободувањето на град Штип.

Во истата година проф. д-р Трајче Стојанов станува и *почесен професор* / *Professor Honoris Causa* на Социјално-педагошкиот институт во Москва, Руска Федерација, каде повремено одржува предавања на прв и втор циклус студии.

За својот особен придонес за промоција на руската философија, наука, култура и литература, во 2022 година е добитник на *Медал Достоевски*, од страна на Министерството за култура на Руската Федерација.

Како *визитинг професор* е ангажиран на неколку институции, меѓу кои и на Институтот за Европски и глобалистички студии /Institut za Europske i Globalizacijske Studije во Загреб, Р Хрватска.

Бројноста на научните и стручни публикации, присуствата на конференции, симпозиуми и семинари, како дома, така и во странство, говорат за силната посветеност и етаблираност на кандидатот во научните кругови во својата област, и дома и во странство. Кандидатот проф. д-р Трајче Стојанов е и автор на неколку книги и монографии издадени од македонски издавачки куќи, но објавуван е и во странство.

На Факултетот за образовни науки прв ги воведува и предава предметите *Философија на образованието* и *Етика во образованието*, како демонстрација на неговото високо ниво на академска одговорност и визионерство, пополнувајќи значајна празнина во македонската наука. Истиот пионерски потфат претставува и основањето на *Институт за применета философија и етика*, чиј прв шеф е токму кандидатот проф. д-р Трајче Стојанов.

Член е на неколку професионални домашни и странски организации и институции, уредувачки одбори, а покажува и значителна општествена видливост и ангажман, преку неговите јавни настапи, со што се профилира во социјално ангажиран интелектуалец, артикулирајќи ги своите ставови преку својата стручна експертиза во пошироката домашна и меѓународна јавност. Неговите есеи и колумни можат да се најдат на страниците на реномирани домашни и странски изданија.

Покрај мајчиниот, македонски јазик, проф. д-р Трајче Стојанов се служи и со српски, хрватски и бугарски, но и со светските јазици – англиски, руски, а пасивно и со германски.

**Општи услови за избор:**

- Кандидатот проф. д-р Трајче Стојанов има завршено прв циклус на студии со просечен успех 9.40, втор циклус на студии со просечен успех 9.75, на Институтот по филозофија, на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.

- Одбранета докторска дисертација на тема „Основни проблеми и особености на руската религиска философија“ на 12.6.2013 година, на Институтот за филозофија, на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.

- ННС на Факултетот за образовни науки, на 123. седница одржана на ден 23.8.2018 година го избира во звањето *вонреден професор* за наставно-научни области *Историја на филозофија* и *Етика*.

- Кандидатот проф. д-р Трајче Стојанов се служи со еден од светските јазици (англиски), за што има приложено соодветна потврда.

- Кандидатот проф. д-р Трајче Стојанов изведува настава на прв и втор циклус студии по предметите: *Филозофија на образованието, Етика во образованието* и *Развој на критичкото мислење* на Факултетот за образовни науки, *Реторика* и *Филозофија на правото* на Правниот факултет при УГД, како и *Political philosophy* на истиот факултет на интернационалната програма на прв циклус студии. Кандидатот е ментор и член на дипломски и магистерски работи, со што покажува способност за изведување на високообразовна дејност.

- Кандидатот проф. д-р Трајче Стојанов има објавено најмалку шест рецензирани трудови во референтни научни публикации во последните пет години, согласно Законот за високо образование.

Трудови кои претставуваат научни публикации согласно со важечкиот Закон за високо образование и се законски услов за избор во звање редовен професор:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Година |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Стојанов, Трајче | *Космизам као руски трансхуманизам: случај Н. Фјодорова* | In: Felix Romuliana, Serbia. https://eprints.ugd.edu.mk/31603/ | 2021 |
| 2 | Stojanov, Trajce | *The Devil`s trade: Transcendence of Freedom for the Immanence of Security* | In: Felix Romuliana, Serbia https://eprints.ugd.edu.mk/31602/ | 2020 |
| 3 | Stojanov, Trajce | *An Orthodox interpretation of J. L. Nancy`s community as togetherness* | In: Felix Romuliana, Srbija. https://eprints.ugd.edu.mk/31621/ | 2022 |
| 4 | Stojanov, Trajce | *Failure of Orthodoxy: a political theology and Orthodox Christianity.* | In: Philosophica International Journal of Social and Human Sciences. ISSN 1857-9272 https://eprints.ugd.edu.mk/31605/ | 2023 |
| 5 | Stojanov, Trajce | *Against Political Correctness.* | In: Social Changes in the Global World https://eprints.ugd.edu.mk/31586/ | 2022 |
| 6 | Donev, D. & Stojanov, T. | The Possibility of Introducing Bioethical Education to High Schools and Faculties in North Macedonia | Pannoniana, Vol. 3, No. 1&2, pp. 33-43 https://eprints.ugd.edu.mk/31595/ | 2019 |
| 7 | Stojanov, Trajce | *Criticism of critical thinking* | Panoniana: Journal of Humanities, 6 pp. 151-166. https://eprints.ugd.edu.mk/31585/ | 2022 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8 | Stojanov, Trajce | *Dostoyevsky - a philosopher?* | Palimpsest: International Journal for Linguistic, Literature and Cultural Research, 7 (14). pp. 137-149. ISSN 2545-3998 https://eprints.ugd.edu.mk/31584/ | 2022 |
| 9 | Stojanov, Trajce | *Bioethics: The bridge toward the future.* | In: Jean Monnet Project: EU eHealth Law and North Macedonia: From Current Practice to Implementation (EUEHL) https://eprints.ugd.edu.mk/31615/ | 2022 |
| 10 | Stojanov, Trajce | *Meaning of life and addictions: Philosophical reflections* | In: The 13th Edition of the International Conference "Social Work in the Addictions and Health Care - Interdisciplinary Collaboration to Improve Quality of Services and Quality of Life", Alba Yulia, Romania. https://eprints.ugd.edu.mk/31606/ | 2022 |

**Посебни услови:**

**Проекти и примена на научноистражувачки резултати:**

Кандидатот има учество во неколку меѓународни проекти како носител или истражувач. Голем дел од тие проекти се во програмата К2 на *Erasmus* +, како и еден *Jean Monnet Action of the European Union*. Не ограничувајќи се на европските проекти, кандидатот има реализирано и еден проект со Руската Федерација, како носител на истиот, во кој партиципираат и неколку студенти од Факултетот за образовни науки.

- (2020) Раководител на проектот: *Форум: Млади, семејство, деца/Форум «Молодежь.Семья.Дети*, Проект со Руската Федерација. https://eprints.ugd.edu.mk/31599/

- (2020) Истражувач во проектот *EU E-Health and North Macedonia: From Current Practice to Implementation, Erasmus+ Jean Monnet Action of the European Union*. https://eprints.ugd.edu.mk/26788/

- (2021) Истражувач во проектот: *Equalist Europe*, EU funded, *Erasmus+* K2 project. https://eprints.ugd.edu.mk/31588/

- (2022) Истражувач во проектот: *Sun in the age - Mindfulness for resilience*, EU funded, *Erasmus+* K2 project. https://eprints.ugd.edu.mk/31617/

- (2023) Истражувач во проектот *Digital Teachers-Classrooms Without Borders Created with Digital Technologies,* EU funded, *Erasmus+* K2 project. https://eprints.ugd.edu.mk/31616/

Кандидатот својата активност во научноистражувачката работа и примената на научноистражувачките резултати ја има демонстирано и со партиципацијата во неколку домашни проекти и активности, во соработка со официјалните национални, наставни и научни институции, преку развој на конкретни програми и стандарди од областа на образованието, со што има дадено значаен придонес во развојот на научната и образовната пракса:

- (2018) Член на националната експертска група формирана од Министерството за образование, со поддршка на НВО, „Нансен-дијалог центар – Скопје“, за ревизија на постоечките програми од прво до четврто одделение основно образование: *Ревизија на постојните програми од прво до четврто одделение, основно образование*. https://eprints.ugd.edu.mk/31600/

- (2021) Обука на наставници: *Современи концепти за средното образование – новата улога на наставникот и новите стратегии на поучување и учење*. https://eprints.ugd.edu.mk/31589/

– Раководител на работна група за *Развој на стандарди за интеркултурно образование*, составена од претставници од Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образование и обуки и Младински образовен форум. https://eprints.ugd.edu.mk/31597/

Кандидатот проф. д-р Трајче Стојанов е ментор, член во изработка на дипломски, магистерски работи, како на својот матичен Факултет за образовни науки, така и на други образовни институции во земјата и во странство. Рецензент е на бројни трудови од неговата област и од сродни области, а член е и на неколку уредувачки одбори на списанија и зборници. Во периодот за последните пет години од претходниот избор во вонреден професор, кандидатот проф. д-р Трајче Стојанов е автор на рецензиран учебник *Етика во образованието:*

– Трајче Стојанов. *Етика во образованието*. Штип: Универзитет „Гоце Делчев“, 2023.

Предложениов текст претставува обид да се тематизира образованието од етичка перспектива. Книгата е насловена *Етика во образованието*, наместо наставничка етика или етика за наставници, како што би било соодветно за една професионална етика (на која припаѓа како област), од причина што не е само професионална етика, како по својата содржина, така и по својата форма. Имено, содржински таа опфаќа и теми од општата етика, т. е. теориската етика, како и увид во останатите практички, т. е. нормативни етики, но и други теми кои не можат да се лоцираат во т.н. професионални етики. По својата форма, пак, е организирана не само како нормативен прирачник, туку и како длабок теориски увид во етиката како наука. Авторот прави детален преглед на теориските и нормативните димензии на етиката со посебен акцент на она што е од особен интерес за студенти на учителски факултети – наставничка етика. https://e-lib.ugd.edu.mk/1128

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Својата академска кариера кандидатот проф. д-р Трајче Стојанов започнува да ја гради уште од 2002 година кога е избран за помлад асистент на Педагошкиот факултет во Штип, тогаш во рамки на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ –

Скопје. Започнувајќи од најниското звање – помлад асистент, кандидатот проф. д-р Трајче Стојанов ги оди постепено сите последователни звања во универзитетската кариера, па така, во 2004 година е реизбран во истото звање, а како асистент е избран во 2007. Во звањето асистент е повторно избран во 2011 година.

Како асистент, кандидатот проф. д-р Трајче Стојанов држи вежби по следниве предмети: Философија, Логика, Етика, Естетика на Педагошкиот факултет (актуелен Факултет за образовни науки), тогаш при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, а предметот Реторика на Правен факултет, Професионална етика на Факултет за информатика и Антропологија на Филолошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

Во звањето доцент на Факултетот за образовни науки е избран на 31.10.2013 година во областа на *Историјата на философијата* и *Етика*, од кога ги држи часовите за предавања и вежби по следниве предмети: Филозофија на образование и Етика во образованието, но држи курсеви и по Антропологија на Филолошкиот факултет, Естетика на Факултетот за уметност, Реторика и Филозофија на право на Правниот факултет, Филозофија на историјата на Катедрата по историја и археологија, како и општи универзитетски курсеви по Филозофија и Етика на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип. Како доцент тој е член на комисии и ментор за одбрана на дипломски работи, а е вклучен и во наставата на втор циклус, специјалистички студии, како професор по предметот Етика во наставничката професија, но и како ментор и член на комисии за одбрана на специјалистички и магистерски работи.

Во 2018 година Факултетот за образовани науки на 123. седница го избира во звањето *вонреден професор* за наставно-научни области *Историја на философија* и *Етика*. Проф. д-р Трајче Стојанов изведува настава како вонреден професор на прв и втор циклус, како и на специјалистички студии на Факултетот за образовни науки, како и на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, каде го предава и курсот *Philosophy of politics*, на International Law and International relations.

Кандидатот е автор и коавтор на реферирани трудови, публикации, книги и излагања на конференции, симпозиуми и семинари, како во земјава, така и во странство. Во рефератов ги наведуваме сите активности на кандидатот, со посебен осврт и евалуација на оние активности кои не се опфатени до сега, т. е. оние од периодот од последните пет години (2018 – 2023).

**Публикации за последните пет години кои не се претходно евалуирани.**
**Период: 2018 – 2023**

**Книги, монографии и поглавја од книги**

Книги:

- Трајче Стојанов. (2019). Т. 1. *Руска религиска философија: Контексти*. Скопје: Аз-Буки.

Ова е првиот том – *Контексти*, од тритомната студија на проф. д-р Трајче Стојанов, кој треба да ја претстави руската религиска мисла во нејзиниот културен, општествено-политички и историски контекст. Овде, низ неколку поднаслови се скицира општата историска, социјално-политичка клима и културниот контекст, во кој се родила, настанувала и развивала руската мисла. Накратко ќе се презентираат општите историски услови во Русија, од периодот на Киевска и Московска Русија, па сè до Револуцијата и по неа. Кога станува збор за руската философија, има силна потреба да се лоцира општиот историски и културен контекст на тие проблеми, да се покаже како општите историски услови ги оформиле тие проблеми, но и како самите проблеми ја физиономирале историската и културната сцена. Тоа е своевидна философија на историјата.

– Трајче Стојанов. (2019). Т. 2. *Руска религиска философија: Историја*. Скопје: Аз-Буки.

Вториот том, со поднаслов *Историј*а, всушност, претставува кратка историја на руската религиска философија од нејзините почетоци до крајот на XX век. За таа цел, на почетокот на иследувањето понудена е една оригинална периодизација на руската религиска философија, според која ќе следува натамошното излагање на историјата на истата. Врз основа на таа систематизација, авторот нуди детален преглед на севкупната важна линија на идеалистичката, т. е. религиската философија во Русија, од нејзините почетоци до крајот на XX век. Ова е прв ваков преглед кај нас.

– Трајче Стојанов. (2019). Т. 3. *Руска религиска философија: Проблем*. Скопје: Аз-Буки.

Третиот том од оваа уникатна студија е насловен *Проблеми* и претставува синтеза на сето дотогаш изнесено, кондензирано во основните проблеми на руската религиска мисла. Со ова, третиот том претставува своевидна историја на проблемите на руската религиска философија. Се разбира, тие не се ниту единствените, ниту пак избраните се целосно и детално исцрпени, но сепак се солидна основа за еден општ проблемски увид во руската философска стварност. Строгата изделеност на проблемите овде треба да се сфати условно и строго методолошки, наведува авторот. Тоа е само обид да се направи еден пресек и низ неколку автори, низ неколку века да се даде преглед на основните теми и проблеми кои го опседнувале рускиот ум. Авторот наведува и обработува шест основни проблеми кои ги смета за оригинални и за стожерни. Овој проблемски увид во руската религиска философија претставува реткост не само кај нас, туку слободно може да се каже и пошироко во европската и светската научна јавност.

Монографии:

– Стојанов, Трајче. Et.al. (2020a). *Педагошки факултет, Факултет за образовни науки (1995-2020)*. Штип: Универзитет „Гоце Делчев“. *https://eprints.ugd.edu.mk/27320/*

Трудот претставува монографија за Педагошкиот факултет, т. е. Факултетот за образовни науки, кој го опфаќа периодот од 1995 до 2020 година, подготвена од група автори, во кој кандидатот се јавува и како автор, приредувач, уредник, како и автор на предговорот на истата.

– Стојанов, Трајче. Et. al. (2020b). *Философија во руската литература: Гогољ, Достоевски, Толстој.* Во: *Testamonia Philosophica*. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филозофски факултет, Институт за филозофија, pp. 269-289. https://eprints.ugd.edu.mk/31590/

Монографијата, насловена *Testimonia Philosophica*, е посветена на животот и делото на проф. д-р Вера Георгиева-Петковска, по повод 70 години од нејзиното раѓање, во која, нејзините студенти, чиј ментор била таа на магистерски и докторски студии, приведуваат дел од својата работа, како сведоштво за заедничката работа на полето од заемен интерес. Кандидатот проф. д-р Трајче Стојанов истапува со поглавје за руската философија и литература, насловено како *Философија во руската литература: Гогољ, Достоевски, Толстој,* во кое ги прикажува тројцата руски класици во философско светло, извлекувајќи значајни философски и религиски импликации од нивните книжевни дела.

Поглавја:

– Стојанов, Трајче. Et. al. (2019). *Quo Vadis Europa – Прилог кон историјата и идентитетот на Европа.* Во: *Европска Унија: право и политики*. Центар за анализа на право и политика, Правен факултет, УГД, Штип, pp. 15-41. https://eprints.ugd.edu.mk/31587/

Книгата *Европска Унија: право и политики* е коавторски труд во кој се прави преглед на ЕУ од правен и политолошки аспект. Кандидатот проф. д-р Трајче Стојанов е автор на поглавјето за европскиот идентитет, насловено како *Quo Vadis Europa – Прилог кон историјата и идентитетот на Европа.* Во ова поглавје авторот го опишува европскиот идентитет, односно ги истражува конструктите на европскиот идентитет кои опфаќаат три нивоа: политичко-правна процедура за обединување/проширување на Европската Унија; идеите и идеологиите кои се врзуваат со процесот на обединување на Европа и културниот или аксиолошкиот т.е. вредносниот идентитет на Европа. Тргнувајќи од оваа рамка, Стојанов дава краток преглед на досегашниот развој на идентитетот на Европската Унија, проблематизира некои идентитетски позиции на кои се темели или се темелел процесот на обединување на Европа, но и да проектира една можна Европа.

**Трудови во списанија, зборници, конференции и симпозиуми:**

– Стојанов, Трајче. (2018). *Биоетиката во наставните програми на основните училишта.* In: Bioethics: The sign of a new era, 6-8 Oct 2018, Ohrid. https://eprints.ugd.edu.mk/31594/

Текстот е своевидна програма за имплементација на Биоетичкото образование на ниво на основно образование. Притоа, се преферира морално воспитание, отколку (био)етичко образование, со оглед на возраста на воспитаниците и природата на нивниот когнитивен и морален развој. Повикувајќи се на сознанијата од развојната психологија и фазите на морален развој, како и на некои документи релевантни за Биоетиката и биоетичкото образование, текстот нуди едно од можните решенија за кроскурикуларно интегрирање на биоетичките содржини во пониските одделенија во нашите училишта.

– Стојанов, Трајче. (2023). *Стоицизмот и Пол Фреир како темели на една современа екопедагогија.* In: International Scientific Conference Ecoanthropology: Between Man and Environment, 30 May - 01 June 2023, Skopje. https://eprints.ugd.edu.mk/31685/

Екопедагогијата е теориски пристап во образованието кој се обидува да го комбинира најважното барање на денешната епоха – еколошката одржливост – со социјалната правда. Оттука, таа ја нагласува важноста од развивање на критичка свест и чувство на одговорност кон природната средина и општеството. На прв поглед ниту бразилскиот теоретичар Пол Фреир, а уште помалку античкиот стоицизам имаат врска со екопедагогијата како современа теорија и пракса. Се разбира, Фреир никаде не го употребува овој поим, а секако ниту стоицизмот, но и и обете можат да бидат од полза при дефинирање на една современа екопедагошка теорија и пракса. Секако дека екопедагогијата има директна релација со идеите на Пол Фреир и дека е можеби и директен резултат на неговата критичка педагогија. Во комбинација со античките идеи на стоицизмот, тие можат да бидат сосема солидна концептуална рамка за промислување на актуелните состојби од екопедагошка перспектива. Во овој труд авторот ги нуди Пол Фреир и стоицизмот како една можна теориска основа на екопедагогијата за одговор на современите образовни предизвици. Од една страна критичката педагогија на Пауло Фреир, кој ја нагласува важноста на образованието како алатка за ослободување и општествени промени, и од друга страна, стоицизмот како философија која ја потенцира важноста да се живее во хармонија со природата и да се развие чувство на одвоеност од материјалните добра, можат да придонесат многу за современата екопедагогија токму преку тоа охрабрување на поединците да развијат подлабока врска со природата и да го разберат влијанието на нивните постапки врз животната средина – заклучува авторот.

– Стојанов, Трајче. (2021). *Космизам као руски трансхуманизам: случај Н. Фјодорова.* In: Felix Romuliana, 20-22 Aug 2021, Serbia. https://eprints.ugd.edu.mk/31603/

Овој труд се занимава со поимот на космизмот како своевидна руска верзија на трансхуманизмот. Притоа, авторот образложува некои од основните идеи на рускиот космизам преку идеите на Н. Фјодоров, подложувајќи ги на критичка опсервација, за на тој начин да упати генерална критика кон трансхуманизмот воопшто. Трудот на тој начин претставува вистинска философска критика на трансхуманизмот и тоа од една суштинска, онтолошка перспектива.

– Stojanov, Trajce. (2020). *The Devil`s trade: Transcendence of Freedom for the Immanence of Security.* In: Felix Romuliana, 28-30 Aug 2020, Serbia. https://eprints.ugd.edu.mk/31602/

Во овој труд авторот го анализира поимот сигурност и слобода преку теориската рамка на Мишел Фуко. Притоа, се обидува да ја оправда слободата наспроти сигурноста. Впрочем, авторот проф. д-р Трајче Стојанов покажува дека оваа дихотомија, т. е. дилема е лажна. Впрочем, како што вели тој, „сигурноста никогаш не е за поединецот, туку за системот.“ Затоа препорачува: „Подобро да се биде слободен, отколку сигурен.“ https://eprints.ugd.edu.mk/31602/

– Stojanov, Trajce. (2023). *Some philosophical insights into the modern knowledge and education.* In: XL International Scientific Conference: Knowledge without Borders, 07-09 Apr 2023, Srbija. https://eprints.ugd.edu.mk/31622/

Трудот претставува критичко испитување на некои од современите поими за образованието и науката, како „општество на знаење", „учење како да се учи", „критичко мислење", „доживотно учење" и др. обидувајќи се да ги промисли во нивните крајни основи. Се покажува дека овие поими, а со тоа и образовни и научни концепции, не ја издржуваат философската критика. Авторот за секој од овие концепти дава убедлива философска критика, демонстрирајќи како истите неосновано ја димензионираат модерната наука и образование. Укажувајќи на нивните ограничувања, авторот отвора простор за ново промислување на овие области.

– Stojanov, Trajce. (2023). *Failure of Orthodoxy: a political theology and Orthodox Christianity.* Philosophica International Journal of Social and Human Sciences. ISSN 1857-9272 https://eprints.ugd.edu.mk/31605/

Трудот претставува продолжување на истражувањата на авторот на слична тема. Впрочем, односот на религиското и политичкото се јавува во многу авторови референци, на кој тој постојано се навраќа. Истражувањата се дел од она што се нарекува политичка теологија и како такви се актуелни во современите политолошки, но и философски и религиски иследувања. Од Карл Шмит наваму, политичката теологија е предизвикувачко поле на интерес, а авторот проф. д-р Трајче Стојанов дава значаен прилог во оваа област кај нас.

– Stojanov, Trajce. (2022). *An Orthodox interpretation of J. L. Nancy`s community as togetherness.* In: Felix Romuliana, 02-04. 09. 2022, Srbija. https://eprints.ugd.edu.mk/31621/

Трудот претставува интересен обид да се интерпретира философијата на Жан Лук Ненси од една православна перспектива. Имено, поимот на заедница кај Ненси, авторот Трајче Стојанов, го става во еден православен контекст и го транспонира во поимот соборност, како дел од православната христијанска мисла. На овој начин, смета авторот, се решаваат дилемите во заедницата, поставени од францускиот мислител Ненси.

– Stojanov, Trajce. (2022). *Wittgenstein's word vs. children`s world.* In: Philosophy with children: accomplishments and projections, 14-15. 10. 2022, Sofija, Bulgaria. https://eprints.ugd.edu.mk/31608/

Трудот е дел од философската дисциплина философија со деца и претставува теориски, но и практичен увид во јазичките игри на Видгенштајн во однос на когнитивниот развој на децата. Развојот на говорот кај децата не кореспондира со разбирањето на Видгенштајн за јазикот и границите на јазикот како граници на светот. Со тоа авторот изнесува провокативен став дека целокупниот процес на социјализација и учење на правилата на јазикот, впрочем претставуваат ограничувања на детската креативност, иновативност и критичност во перцепцијата на светот. Трудот нуди одлична теориска база за подетални иследувања не само за философијата, туку и за педагогијата, а би рекле и за лингвистиката, но и невронауките.

– Stojanov, Trajce. (2022). *Plato and Aristotle as cultural paradigms.* In: Seventh International Philosophical Dialogue "East–West", 5–7 Oct 2022, Skopje. https://eprints.ugd.edu.mk/31607/

Платон и Аристотел не се само антички мислители, тие, според авторот, се културни парадигми. Повторно навраќајќи се на политичката теологија, авторот се обидува во интерпретацијата на политичкиот и културниот феномен да досегне сè до античка Грција и да ги понуди философиите на Платон и Аристотел како интерпретативни рамки на културата и политиката во современиот свет, поточно од нивниот философски хабитус да го синтетизира современиот етос.

– Stojanov, Trajce. (2022). *Meaning of life and addictions: Philosophical reflections.* In: The 13th Edition of the International Conference "Social Work in the Addictions and Health Care – Interdisciplinary Collaboration to Improve Quality of Services and Quality of Life", 9th - 10th of December 2022, Alba Yulia, Romania. https://eprints.ugd.edu.mk/31606/

Во овој труд, авторот повикувајќи се на Кјеркегор, се впушта во анализа на зависностите од една егзистенцијалистичка перспектива. Користејќи се со сознанијата од философо-терапијата, авторот го нуди учењето на егзистенцијалистот Кјеркегор за смислата, како начин за надминување на зависностите. Преку конкретна анализа на случај, авторот покажува како барањето и наоѓањето смисла на егзистенцијата, како философска категорија, е можно намалување или надминување на зависноста. Трудот претставува интересен пример како може философската терапија да биде користена во третман на разни девијации.

– Stojanov, Trajce. (2021). *Св. Климент како дел од предисторијата на македонската философија.* Годишен зборник на Факултетот за образовни науки. ISSN 1409-9187. https://eprints.ugd.edu.mk/31604/

Свети Климент не е само просветител и основач на првиот словенски универзитет во Охрид. Тој не е само добар, морален лик, туку е и првиот етичар кој ги поставил темелите на една оригинална теорија во Етиката. Можеме да кажеме дека една третина од неговите повеќе од сто текстови се етички трудови. Оттука, може слободно да се каже дека свети Климент е нашиот прв етичар, основоположник на Етиката како наука за словенскиот народ. Овој труд ќе ја подвлече таа улога на св. Климент и ќе се обиде да ја отслика основата на неговото етичко учење, прикажувајќи го св. Климент како дел од она што авторот ќе го нарече „предисторија" на македонската философија. Трудот во таа смисла дава значаен прилог во идните иследувања и систематизации на македонската философска мисла.

– Stojanov, Trajce. (2018). *Bioethics as Biopower: a view from an Eschatological perspective.* In: Fourth International Philosophical Dialogue "East-West" Bioethics on Crossroads, 10.03.2018, Skopje. https://eprints.ugd.edu.mk/31596/

Во овој труд авторот проф. д-р Трајче Стојанов прави анализа на современите сфаќања на биоетиката, притоа третирајќи ја како „биомоќ". Поаѓајќи од теориската рамка на Мишел Фуко, авторот ги третира некои од најновите сознанија и ставови на биоетиката како биополитичка моќ во Фукоовска смисла, со тоа отворајќи

нови и интересни перспективи за денешната биоетика. Авторот покажува дека многу од сознанијата на денешната биоетика можат да бидат опасни и во суштина ретроградни, кои наместо да го афирмираат животот, го девалвираат. Ова авторот го прави од една есхатолошка перспектива на животот, како единствено можна, според него.

– Stojanov, Trajce, Donev, Dejan. (2020). *Possibility of having (bio)ethical education in high schools and faculties in Macedonia.* In: OSJEČKI DANI BIOETIKE, 06-08.11.2018, Osijek. https://eprints.ugd.edu.mk/31595/

Во овој коавторски труд е прикажана можноста за воведување биоетичко образование во македонските средни училишта и факултети. Трудот прави преглед на досегашната состојба и нуди идни перспективи, пришто авторите инсистираат на специфичен, кроскурикуларен пристап во воведувањето на биоетичкото образование.

– Stojanov, Trajce. (2022). *Against Political Correctness.* In: Social Changes in the Global World - Ninth International Scientific Conference, Stip, N. Macedonia. https://eprints.ugd.edu.mk/31586/

Во овој труд авторот се впушта во критичка анализа на можеби најфреквентниот, но и најспорниот поим во денешната политика, „политичката коректност." Приведувајќи низа примери, авторот го доведува поимот до својот апсурд, а ползувајќи се со теориската рамка на Жак Рансиер и неговиот поим „дисенсус", авторот го врамува политичкото токму како поле на дисенсус и оттука го исклучува поимот на политичка коректност.

– Stojanov, Trajce. (2022). *Criticism of critical thinking.* Panoniana: Journal of Humanities, 6 (1/2022). pp. 151-166. https://eprints.ugd.edu.mk/31585/

Концептот на критичко мислење денеска е особено популарен. Нема учебник за педагогија или философија на образование во кои овој концепт не е наведен како образовна цел број еден. Но, како што вели авторот: „ако критиката е доследна, таа треба да биде радикална", па во таа смисла го подложува на критичка анализа и концептот за критичко мислење. Провокативно, се покажува дека критичкото мислење не го издржува тестот на критиката.

- Stojanov, Trajce. (2022). *Dostoyevsky - a philosopher?* Palimpsest: International Journal for Linguistic, Literature and Cultural Research, 7 (14). pp. 137-149. ISSN 2545-3998. https://eprints.ugd.edu.mk/31584/

Фјодор Михајлович Достоевски е книжевник. Пишувал романи. Не напишал ниту едно дело кое од денешна перспектива може да се класифицира како философско. Но, и покрај тоа, многумина автори, како руски, така и западни, многу често го вклучуваат во историјата на руската философија. Дури, одредени историчари на философијата му отстапуваат место во своите прегледи на руската философија. Имено, некои од најзначајните истории на руската философија го обработуваат Достоевски како еден од философите, рамо до рамо со Берѓаев, Фјодоров, Соловјов и останатите руски мислители. Од друга страна, пак, низа други автори не го третираат како философ и го исклучуваат од нивните монографии за

историјата на руската философија. Авторовата позиција во овој труд е дека Достоевски сосема легитимно може да биде третиран како философ. Во трудов, авторот се обидува да ги лоцира аргументите за тоа и заклучува дека Достоевски може да се третира како философ сосема легитимно, во двојна смисла – проблемска (содржинска) и историска (формална). Хипотезата која се брани во трудов е дека Достоевски може да се смета за философ, дури и во една класична смисла на значењето на тој поим, особено, во доба на постмодерната, кога жанровските, но и дисциплинарните граници се растегнати, а мултидисциплинарноста и плуриперспективноста се преференци во теориските пристапи.

**Публикации кои претходно се евалуирани, во периодот пред 2018:**

**Книги, монографии и поглавја од книги**

Книги:

– Стојанов, Трајче. (2008). *Достоевски: од подземјето до Богочовекот*. Скопје: Аз-Буки.

– Стојанов, Трајче. (2016). *Егзистенцијалии: џебна философија во стихови.* Штип: Национална установа – Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“.

– Стојанов, Трајче. (2008). *Достоевски: Од подземјето до Богочовекот.* Скопје: Аз-Буки.

– Стојанов, Трајче. (2018). Мисли за воспитанието: практикум по философија. Штип: Универзитет „Гоце Делчев“.

Поглавја:

– Stojanov, Trajce. Et al. (2017). *Kierkegaard Research in Macedonia.* In: Kierkegaard Research: Sources, Reception and Resources Volume 19, Tome V. Kierkegaard Research: Sources, Reception and Resources, 19 (5). Routledge, London and New York, pp. 7-11. ISBN 978-1-138-20951-0 http://eprints.ugd.edu.mk/19841/

– Стојанов, Трајче. Et al. (2015). *Преглед на теории те за мултикултурализмот, развој на интеркултурните компетенции и превенција на стереотипите и предрасудите.* In: Теориски и практични погледи за примена на меѓуетничката интеграција во наставничките факултети. МЦГО-УСАИД, Скопје, pp. 28-55. ISBN 978-608-4529-32-3. http://eprints.ugd.edu.mk/19847/

**Трудови во списанија и од конференции, симпозиуми и семинари:**

- Стојанов, Трајче. (2013). Русская философия сегодна. In: Философијата денес: Конференција по повод Светскиот ден на философијата, 21 Nov 2013, Филозофски факултет, Скопје. http://eprints.ugd.edu.mk/19888/
- Стојанов, Трајче. (2015). Во одбрана на Ex Cathedra. In: Научно-стручна трибина на тема „Наставникот – некогаш, денес, утре“ (04 Oct 2013, Stip, R. Makedonija). http://eprints.ugd.edu.mk/19914/

- Stojanov, Trajce. (2015). Ethics as teaching. In: International scientific conference: Education in XXI century – conditions and perspectives –, 24-25 Sept 2015, Stip, Macedonia. http://eprints.ugd.edu.mk/19909/

- Stojanov, Trajce. (2015). Stoicism and its Influence on the Roman Law. International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR), 23 (1). pp. 88-92. ISSN 2307-453. http://eprints.ugd.edu.mk/19876/

- Стојанов, Трајче. (2015). Евроазиство – третиот пат на Русите. In: Симпозиум на тема Философија и политика по повод Светски ден на философијата, 19-20 Nov 2015, Skopje, Macedonia. http://eprints.ugd.edu.mk/19896/

- Стојанов, Трајче. (2015). Руската религиска философија и современата наука: некои аналогии. In: Прв Меѓународен философски дијалог Исток-Запад: Симпозиум Наука и религија, 2-4 Sept 2015, Skopje, Sveti Nikole, Ohrid, Macedonija. (In Press). http://eprints.ugd.edu.mk/19897/

- Стојанов, Трајче. (2016). Од екоетика до екосвест. In: Современото воспитание и образование – состојби, предизвици и перспективи. Научно-стручна конференција со меѓународен карактер, 14 May 2014, Stip, Macedonia. http://eprints.ugd.edu.mk/19916/

- Stojanov, Trajce. (2016). St. Kliment as Ethicist. In: Меѓународна научна конференција Климентовото дело, 23-24 June 2016, Stip, Macedonia. http://eprints.ugd.edu.mk/19886/

- Stojanov, Trajce. (2016). Uloga „Ruske ideje“ u suvremenom ruskom identitetu: tri izvora ruskog totalitarnog narativa. In: Balkanske zemlje između Rusije i EU – „Meki Trbuh“ Europe?, 17 Nov 2016, Velika dvorana Školske knjige, Zagreb. (In Press). http://eprints.ugd.edu.mk/19871/

- Stojanov, Trajce. (2016). Vindiciae Contra Tyrannos: Right of tyrannicide in the Medieval Christian and Islamic political-legal philosophy. In: Second International Philosophical Dialogue East-West Law between Politics and Ethics, 05-07 Oct 2016, Macedonian Academy of Sciences and Arts, Skopje. (In Press). http://eprints.ugd.edu.mk/19885/

- Стојанов, Трајче. (2016). Достоевски како литерализација на философијата на Соловјов. In: Прва меѓународна научна конференција – ФИЛКО: филологија, култура и образование, 18-19 March 2016, Stip, Macedonia. http://eprints.ugd.edu.mk/19874/

- Стојанов, Трајче. (2016). Една можна критика на Бахтиновата интерпретација на Достоевски. Palimpsest International Journal for Linguistic, Literary and Cultural Research, 1 (2). pp. 115-126. ISSN 2545-3998 http://eprints.ugd.edu.mk/19875/

- Стојанов, Трајче. (2016). Образованието како место за изградба на добар граѓанин. In: Современото воспитание и образование – состојби, предизвици и перспективи. Научно-стручна конференција со меѓународен карактер, 14 May 2014, Stip, Macedonia. http://eprints.ugd.edu.mk/19915/

- Стојанов, Трајче. (2016). Платон vs. Аристотел: философско-религиските основи на културните разлики во Европа. In: Седма меѓународна научна конференција: Меѓународен дијалог: исток – запад» (психологија, филозофија, лингвистика, културологија и образование, 4 June 2016, Sveti Nikole, Macedonia. http://eprints.ugd.edu.mk/19898/

- Стојанов, Трајче. (2017). Aristotelov »katolicizam« i Platonovo »pravoslavlje« – zapadni racionalizam i istočni misticizam kao ontološke diferencijacije europske kulture. In: XI.Mediteranski korijeni filozofije, 6–8 Apr 2017, Split, Croatia. (In Press). http://eprints.ugd.edu.mk/19861/

- Stojanov, Trajce, Soluncev, Risto. (2017). Etho-poietics and Anti-political Anarchism. In: Kierkegaard Year 2017 6th International Philosophical Symposium of Miklavž Ocepek , 8-12 Sept 2017, Škocjan, Trieste & Cankarjev dom, Ljubljana, Slovenia. (In Press). http://eprints.ugd.edu.mk/19842/

- Stojanov, Trajce. (2017). New Atheism as Neoliberal Imperialistic Tool. In: Fourth International Scientific Conference: Social Change in the Global World, 6-7 Sept 2017, Stip, Republic of Macedonia. http://eprints.ugd.edu.mk/19880/

- Stojanov, Trajce. (2017). On some goals of Ethical education. In: Third International Philosophical Dialogue East-West: Symposium on Philosophy of Education & Philosophy in Education, 04-06.10.2017, Skopje, Bitola, Ohrid R. Macedonia. (In Press). http://eprints.ugd.edu.mk/19887/

- Stojanov, Trajce. (2017). One Foucauldian analysis of atheism and the notion of sovereignty. Balkan Social Science Review, 10. pp. 77-91. ISSN 1857- 8772. http://eprints.ugd.edu.mk/19853/

- Stojanov, Trajce. (2017). Schools for Intercultural Education: from Multiculturalism to Interculturalism. In: Fourteenth International Scientific Conference: The Power of Knowledge, 28 Sept -01 Oct 2017, Agia Triada, Thessaloniki, Greece. http://eprints.ugd.edu.mk/19878/

- Stojanov, Trajce. (2017). Terrorism: some philosophical and ethical dilemmas. In: V. International Political Science Conference, 08-09 Dec 2016, Istanbul, Turkey. http://eprints.ugd.edu.mk/19864/

- Стојанов, Трајче. (2017). Култивирање на разумот за јакнење на демократските капацитети во мултикултурно општество. In: 5th International Scientific Conference: „Meeting point and Cultural Divergences in the Balkans", 27-28 Oct 2017, Tetovo, Macedonia. http://eprints.ugd.edu.mk/19879/

- Стојанов, Трајче. (2017). Мишел Фуко на пример: Новиот атеизам како дискурс на моќ. Годишен зборник 2017, Правен Факултет, 1 (7). pp. 254-265. http://eprints.ugd.edu.mk/19881/

- Stojanov, Trajce. (2018). Typical problems in Russian religious philosophy. In: 9th International Scientific Conference «International dialogue: east-west», 20-21 Apr 2018, Sveti Nikole, Republic of Macedonia. (In Press). http://eprints.ugd.edu.mk/19882/

- Stojanov, Trajce. *Philosophical system of Dostoevsky – an attempt of reconstruction* / *„Filozofski sistem Dostojevskog (pokušaj rekonstrukcije)"* Diacovensia, vol.18, No. 1 197–208 p.

- Stojanov, Trajce. *Problems of Russian identity in the eyes of a foreigner*, Proceedings of the Russian academy of sciences, Moscow, 2010, 618 p. / „Проблемы русской идентичности в восприятии иностранца"*Славянский мир в третьем тысячелетии. Славянские народы: векторы взаимодействия в Центральной, Восточной и Юго-Восточной Европе*, Учреждения Российской академии наук Института славяноведения РАН , Москва, 2010 618 с.

- Stojanov, Trajce. *Philosophical mind, Writer`s Eye*, at International Dostoevsky society conference, Naples, Italy, 2010.

- Stojanov, Trajce. *Ontology of culture: religious fondation of cultural identities*, International conference: 16-th Days of Franje Petric, Cres, Croatia.

- Stojanov, Trajce. *Today`s citizen in ex republic: Macedonian issue*, 3-th International Slavic conference, Nikshich, Montenegro, 2010 / Sadašnji državljanin u bivšoj republici", T. Stojanov, O. Cackov, Međunarodni slavistički skup, III Njegoševi dani, од 2-4 Септември, 2010, Никшиќ, Црна Гора.

- Stojanov, Trajce. *Overview of Russian religious philosophy and its characteristics*, Philosophy journal [Skopje], No. 19 49-83 p. / „Преглед на руската философија и утврдување на нејзините особености." *Филозофија* [Скопје], бр. 19 (септември 2006), 49–83.

- Stojanov, Trajce. *Mystical anthropology of deification*, Philosophy journal [Skopje], No. 17, march, 2006, 89-115 p. / „Мистична антропологија на обожувањето. ") *Филозофија* [Скопје], бр.17 (март, 2006), 89–115**.**

- Stojanov, Trajce. *The Tree Harsh Realists-Kierkegaard, Nietzsche and Dostoyevsky,* "SUM"- Art magazine, [Stip] no.31(2001), page 120-129.

- Stojanov, Trajce. *Art as act of Eros – Plato on love,* "SUM"- Art magazine, [Stip] no.38(2003), page 109–113.

- Stojanov, Trajce. *Scientific discovery – Philosophical problem or not?* Annual Miscellany of Pedagogical Faculty [Stip].

- Stojanov, Trajce. *Viva L'art pour L'art,* "SUM" – Art magazine, [Stip] no.39(2003), page 99-101.

- Stojanov, Trajce. *Sketch of a nihilism,* „Education" – Journal for education [Stip] no.3 page 88-92.

- Stojanov, Trajce. *Kuhn, Popper and Faerabend on Logic of scientific discovery,* „Philosophy Journal", [Skopje] no 8, page 109–118.

- Stojanov, Trajce. *Sketch of a teleology,* „Education" – Journal for education [Stip], no.4-5 page 126–129.

- Stojanov, Trajce. *Apophatism (Negative theology) as source and foundation of Orthodox mystic,* „Trinity" – Journal of Orthodox culture [Stip], no.12 page 33-37.

- Stojanov, Trajce. *Plato, Neo-Platonism and Christianity,* „Trinity" – Journal of Orthodox culture [Stip], no.13 page 29–38.

Презентираниот увид во научноистражувачкиот опус на кандидатот проф. д-р Трајче Стојанов, говори дека станува збор не само за вреден и плоден автор, туку и за автор кој има дадено особен придонес во развојот на философската, но и педагошката мисла кај нас, обработувајќи важни теми и проблеми во својата научна работа, кои можат да бидат од вонредно теориско-практично значење за нашата научна, но и општествено-политичка стварност. Интензивната и забележителна меѓународна активност, пак, говори дека кандидатот проф. д-р Трајче Стојанов се пројавува и на меѓународната научно-философска сцена, како вреден претставник на неговата институција. Мора да се забележи дека неговите теориски огледи ги следат современите текови на философската мисла, не само во однос на актуелни мислители, туку и во однос на актуелни философски дисциплини. Некои од проблемите, авторите, но и философските дисциплини со кои кандидатот се занимава се пионерски за нашата интелектуална сцена. Во она, пак, што е потесна специјалност на кандидатот, руската религиска мисла, несомнена е темелитоста, широчината и длабочината на сознанијата кои кандидатот ги нуди. Неговата тритомна студија за руската религиска философија е маркантен, капитален труд од огромно значење за домашната философија. Севкупно, кандидатот проф. д-р Трајче Стојанов е профилиран автор и истражувач кој цврсто се има етаблирано во научната јавност кај нас и пошироко.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Својата активност, кандидатот проф. д-р Трајче Стојанов ја остварува и во делот на стручно-апликативната и организациско-развојната дејност. Тука ќе издвоиме некои од позабележителните во периодот од последните пет години (2018-2023).

Национални проекти:

– Проф. д-р Трајче Стојанов бил раководител на тимот за *Развој на стандарди за интеркултурно образование*, кои се усвоени како официјален документ на Министерството за образование и наука. https://eprints.ugd.edu.mk/31597/

– Кандидатот проф. д-р Трајче Стојанов е дел од тимот *Ревизија на постојните програми од прво до четврто одделение, основно образование*, во експертска група формирана од Министерството за образование, кое до крајот на 2019 работеше на реформа на основното образование во државата. https://eprints.ugd.edu.mk/31600/

– Обучувач на наставниците во Р Македонија, во рамките на програмата на БРО на тема: *Современи концепти за средното образование – новата улога на наставникот и новите стратегии на поучување и учење.* https://eprints.ugd.edu.mk/31589/

Од меѓународните проекти ги наведуваме следниве, во кои кандидатот се јавува и како раководител и како истражувач:

– (2020) *Форум: Млади, семејство, деца/Форум «Молодежь.Семья.Дети*. Проектот е на Социјално-педагошкиот институт од Москва, со наслов: „Форум: Млади, семејство, деца", победник на националниот серуски конкурс за проекти на образовни институции за 2020 година организиран од Федералната агенција за млади на Русија (Росмолодеж). Факултетот за образовни науки, преку професорот Трајче Стојанов, учествува, заедно со десет студенти, во истражувачките активности на темата, како и на завршниот настан во Москва, Русија. https://eprints.ugd.edu.mk/31599/

– (2022) *EU eHealth law and Public Health.* Ова е проект од програмата Jean Monnet во кој кандидатот е вклучен како истражувач на теми од биоетиката и медицинската етика. https://eprints.ugd.edu.mk/31126/

– (2021) *European equalists* е Erasmus K2 проект за родова еднаквост, во која проф. д-р Трајче Стојанов е истражувач на тема еднаквоста во училиштата. https://eprints.ugd.edu.mk/31248/

– (2023) *Sun in the age – Mindfulness for resilience*. Erasmus K2 проект, во кој кандидатот се јавува во улога на истражувач. https://eprints.ugd.edu.mk/31617/

– (2023) *Digital Teachers-Classrooms Without Borders Created with Digital Technologies*. Erasmus K2 проект за зајакнување на дигиталните компетенции на наставниците. https://eprints.ugd.edu.mk/31616/

Кандидатот се јавува и како рецензент на бројни трудови од референтни списанија, но и на книги, студии и монографии.

1. Рецензент на книгата *Размисли за образованието* од проф. д-р Кирил Барбареев.

2. Рецензент на учебник по *Етика во религиите.*

3. Рецензент на научни трудови во списанија и зборници, приведени во поднесената документација за избор.

Кандидатот проф. д-р Трајче Стојанов е член на повеќе уредувачки одбори на стручни и научни списанија, како:

1. *Филозофска трибина*, ФДМ, Скопје

2. *Воспитание*, ФОН, Штип

3. *Годишен зборник* на ФОН, Штип

4. *Монографија* на ФОН.

Ментор и член на одбрана на дипломски, магистерски и докторски дисертации, како на неговиот, матичен универзитет, така и на други институции во земјата. Така, со Одлука на ННС на Институтот за македонска литература – Скопје, од 23.9.2020, е избран за член за одбрана на докторска дисертација на м-р Татјана Миљовска.

Кандидатот д-р Трајче Стојанов е член на неколку професионални организации во земјава и странство:

– Философско друштво на Македонија;

– Россиискoе философское общество;

– Dostoevsky Society;

– Kierkegaard Society.

Се јавува и како волонтер и член на УО во неколку локални, домашни НВО-организации.

Во својата матична институција, кандидатот д-р Трајче Стојанов е член на неколку универзитетски и факултетски тела и комисии:

– Член на ННС на ФОН;

– Член на Универзитетски сенат при УГД;

– Шеф на Институтот за применета философија и етика.

Ментор е на студенти на прв и втор циклус, како и на специјалистички студии, како и член на комисии за одбрана на магистерски и докторски дисертации, со што дал значаен придонес во развој и промовирање на научен подмладок.

Кандидатот д-р Трајче Стојанов својата стручно-апликативна дејност ја остварува и како истражувач и визитинг предавач на неколку домашни и странски институции:

– Institute for European and Globalization Studies /Institut za Europske i Globalizacijske Studije. http://www.inegs.com/multimedia/studije/department_ii_associates.pdf

– International Slavic University „Gavrilo Romanovich Derzhavin", Official Russian University in Sv. Nikole/Bitola, Macedonia.

Се пројавува и како автор на неколку статии во научно-популарни ревии, но и бројни анализи во колумни во дневно-политички весници. Неговата научно-популарна и колумнистичка дејност е забележителна:

– Нова Македонија. https://novamakedonija.com.mk/mislenja/kolumni/ruska-ideja-neoevroazijci/

– Премин

- Rossiyskaya gazeta, project RBTH, Macedonia https://mk.rbth.com/news/2013/02/01/nova_rubrika_na_nasata_internet-stranica_so_interesni_avtori_17981, http://ruskarec.mk/blogs/trajce_stojanov

- Faktor, portal www.factor.mk, http://faktor.mk/?s=%D0%A2%D1%80%D0%B0%D1%98%D1%87%D0%B5+%D0%A1%D1%82%D0%BE%D1%98%D0%B0%D0%BD%D0%BE%D0%B2

– Slobodna Dalmacija, Croatia http://www.slobodnadalmacija.hr/

– GeopolitikaNews http://geopolitika.news/analize/prof-dr-sc-trajce-stojanov-makedoniji-preostaje-jos-jedino-da-se-samoukine/

Од вкупната актива во делот на стручно-апликативната и организациско-развојната дејност, евидентно е дека кандидатот д-р Трајче Стојанов не е само вонредно продуктивен, туку е присутен со својата експертиза во поширокатa социјално-политичка стварност, активно работејќи не само во потесно стручните, туку и во пошироките и јавно-општествени кругови. Со тоа, кандидатот д-р Трајче Стојанов се јавува како општествено ангажиран интелектуалец. Неговиот придонес во полето на философската мисла, во областа на образованието, но и во социјално-политичкиот ангажман е несомнен. За тоа секако говорат и бројните награди и признанија.

Награди и признанија:

– (2019) *Плакета за особен придонес за развој на образованието и науката*, доделена од Здружението на новинари ЗНМ – Исток.

– (2020a) *Осмоноемвриска награда* на Општина Штип, за заслуги во областа на науката и образованието.

– (2020b) *Медал Достоевски* за особен придонес за промоција на руската литература и култура, доделен од Министерството за култура при Руската Федерација.

Конечно, како потврда за неговата наставна и научна вредност во пошироки, меѓународни рамки, проф. д-р Трајче Стојанов е избран за:

(2020c), Professor Honoris Causa / почесен професор на Социјално-педагошкиот институт во Москва, Руска Федерација.

Од севкупната активност во стручно–апликативната и организационо-развојната дејност, може да се заклучи дека кандидатот проф. д-р Трајче Стојанов демонстрира убедлив потенцијал за апликација на своите теориски и научни достигнувања со што дава несомнен придонес не само на планот на образованието и науката, туку со својот општествен ангажман е видлив не само кај стручната, туку и кај пошироката јавност, што е верификувано и со добиените признанија за неговата работа.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно со Законот за високо образование на Р Македонија („Службен весник на Р Македонија, бр, 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 13/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 20/16, 120/16 и 127/16), Правилникот за критериуми и постапки за избор на наставно-научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип (Универзитетски гласник бр. 50 од јуни 2021 година) и распишаниот Конкурс на 28.4.2023 година, а врз основа на севкупната активност и постигнати резултати на кандидатот д-р Трајче Стојанов,

Рецензентската комисија констатира дека кандидатот д-р Трајче Стојанов целосно ги исполнува критериумите за избор во звање редовен професор. Анализата на приложените документи кои се однесуваат на научно- истражувачката, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност покажуваат дека кандидатот проф. д-р Трајче Стојанов е одговорен и креативен наставник вклучен во бројни наставни, стручни и организациски активности на Факултетот за образовни науки и воопшто на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип. Прикажаните резултати од научноистражувачката работа покажуваат дека станува збор за посветен, креативен и веќе етаблиран научен работник во пошироките домашни, но и странски научни кругови, кој активно истражува и твори во неколку значајни и меѓусебно тесно поврзани дисциплини од филозофскиот корпус и кој дава особен научен теориско-практичен придонес во истите. На овој начин, како и преку неговата интензивна меѓународна активност и членства во бројни еминентни организации и асоцијации од областа на филозофијата, но и педагогијата, проф. д-р Трајче Стојанов значајно придонесува во промоција и афирмација на македонската филозофска наука. Со континуираните обуки, специјализации, специјалистички престои и семинари, но и публикации во Русија, САД, разните конференции и симпозиуми во Регионот, Европа и светот, кандидатот д-р Трајче Стојанов се етаблира во научните кругови како сериозен истражувач со континуираната желба за усовршување и промоција. Наведените активности ја одразуваат неговата заложба за перманентен личен и професионален развој, но истовремено и за афирмација и развој на капацитетите на институцијата во која работи и твори. Во оваа насока е и неговата вклученост во бројните организациско-развојни активности и проекти на Универзитетот, како и наведените стручно-апликативни дејности и резултатите од истите. Неговата меѓународна активност со вклученоста во неколку Еразмус проекти му овозможуваат апликација на научните достигнувања во меѓународни рамки.

Неговиот ангажман, пак, во поширокиот општествен простор, го прават видлив за пошироката јавност и говорат за фактот дека проф. д-р Трајче Стојанов е етаблиран, не само во експертската јавност, како научник, туки и како општествено ангажиран интелектуалец. Впрочем, бројните награди и признанија, како и изборот за Professor Honoris Causa / почесен професор во Москва, Руска Федерација, Осмоноемвриската награда на Општина Штип и другите признанија говорат токму за тоа.

Врз основа на претходно наведеното, т. е. врз основа на остварените резултати во полето на наставно-образовната (НО), научноистражувачката (НИ), стручно-апликативната и организационо-развојната дејност (САОР), Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки да го усвои нашиот предлог **кандидатот проф. д-р Трајче Стојанов да се избере во звање редовен професор за наставно-научната област *историја на филозофијата* и *етика* на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

проф. д-р Дејан Донев, редовен професор, претседател, с.р;

проф. д-р Сузана Симоновска, редовен професор, член, с.р;

проф. д-р Ристо Солунчев, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Избор во звање вонреден професор | 40 | | | | 40 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1** | Монографија или научна книга (Трајче Стојанов (2019), Т.1., Трајче Стојанов (2019), Т.2. Трајче Стојанов (2019), Т.3.) | 3 | 10 | | | 30 |
| **2** | Дел од монографија или научна книга (Стојанов, Трајче Et.al. (2020b), Стојанов, Трајче Et.al. (2019) | 2 | 6 | | | 12 |
| **3** | Научен труд објавен во меѓународно списание (прв автор) (1,2,3,4,7,8) | 6 | 9 | | | 54 |
| **4** | Научен труд објавен во меѓународно списание (втор автор) (6) | 1 | 6 | | | 6 |
| **5** | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови на научен собир (5,9,10) | 3 | 2 | | | 6 |
| **6** | Одржано предавање по покана на научна институција | | | 1 | 3 | 3 |
| **7** | Учество во научен собир со реферат | | | 1 | 2 | 2 |
| **8** | Одбранета докторска теза | 1 | 8 | | | 8 |
| **9** | Раководител на научен проект | 1 | 6 | | | 6 |
| **10** | Учесник во научен проект | 1 | 2 | | | 2 |
| **11** | Член на уредувачки одбор на научно списание | 2 | 2 | | | 4 |
| **12** | Награди-признанија за научни достигнувања | 2 | 5 | 2 | 10 | 30 |
| **13** | Студиски престој во странство | | | 8 | | 8 |
| **14** | Рецензент на научен труд | 1 | 1 | | | 1 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **172** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1** | Книга/Учебник (Стојанов, Трајче (2023). | 1 | 10 | | | 10 |
| **2** | Стручна монографија (Стојанов, Трајче Et.al. (2020a) | 1 | 6 | | | 6 |
| **3** | Труд во научно популарно списание | 3 | 2 | | | 6 |
| **4** | Пленарно предавање на стручен собир | 1 | 2 | | | 2 |
| **5** | Учесник во научен проект | | | 3 | 8 | 24 |
| **6** | Изработен и рецензиран програмски пакет | 1 | 3 | | | 3 |
| **7** | Елаборати и експертизи (обука) | 2 | 2 | | | 4 |
| **8** | Член на универзитетски тела (сенатор) | 1 | 5 | | | 5 |
| **9** | Член на факултетски тела (член на ННС, член на катедра, комисија за студентски барања) | 3 | 2 | | | 6 |
| **10** | Шеф на институт | 1 | 4 | | | 4 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **70** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **282** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ДВАЈЦА НАСТАВНИЦИ ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПУЛМОЛОГИЈА СО ФТИЗИОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2002-123/7 од 5.5.2023 година донесена на 302. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 5.5.2023 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на двајца наставници во насловно звање насловен доцент/насловен вонреден професор за наставно-научната област пулмологија со фтизиологија (30218) на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во следниот состав:

1. проф. д-р Јордан Минов, редовен професор за наставно-научната област трудова медицина, вработен на Медицински факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – претседател;
2. доц. д-р Марјан Балоски, насловен доцент за наставно-научната област пулмологија со фтизиологија, вработен во ГОБ „8-ми Септември“ во Скопје – член;
3. доц. д-р Тања Анѓушева, насловен доцент за наставно-научната област кардиологија, вработена во Клиника „Жан Митрев“ во Скопје – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Слободен печат” и „Коха“ на 13.4.2023 година и во предвидениот рок се пријавија:

1. Асистент д-р Зорица Нановиќ
2. Асистент д-р Даниела Буклиоска Илиевска

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов:

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката д-р Зорица Нановиќ е родена на 30.1.1969 година во Скопје, каде со одличен успех завршува основно образование. Средното образование за лабораториски техничар во МУЦ „Д-р Панче Караѓозов“ во Скопје го завршува како ученик на генерацијата.

На Медицинскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, дипломира во 1997 година со просечен успех **9,81**. Учествува во базични и клинички истражувања чии резултати усно ги презентира на студентските конгреси по медицина. Во 1992 година поминува еден месец на студентска размена во Policlinico San Matteo, Chirurgia patologica II, **Università degli studi di Pavia**, во Павиа, Италија.

На Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза ц.о. Скопје се вработува на 22.4.2000 година како доктор по медицина, а во 2008 година ја завршува специјализацијата по интерна медицина. Како специјалист по интерна медицина, во периодот 2008 – 2017 година го стекнува следното работно искуство:

– Работа на пет клинички оддели: Акутни белодробни болести и ултрасонографија, Хронични белодробни заболувања со радиологија, Интензивна нега со биохемиска лабораторија, Оддел за туберкулоза со микробиолошка лабораторија, Дневна болница со бронхоскопија.

– Менаџмент на амбулантски пациенти (интерна медицина, пулмологија).

– Самостојна проценка и следење на амбулантски и хоспитализирани пациенти со интерстицијални белодробни болести, ХОББ, астма, долнореспираторни инфекции и белодробен карцином; спроведување на функционална пулмолошка проценка (спирометрија и анализа на крвни гасови, тест за бронхопровокација со метахолин, кожни prick тестови, дифузија), толкување на рентгенграфија на граден кош, ЕКГ и лабораториски анализи; дијагностичка и терапевтска торакоцентеза, толкување на анализи на плевралната течност; препишување лекарски рецепти и советување на пациентите за прашања од областа на здравствената едукација.

– Самостоен бронхоскопист во Кабинетот за бронхоскопија (од 2008 година), со повеќе од 1000 самостојни бронхоскопии.

– Целосен третман на туберкулозата (дијагноза, терапија, следење, активно испитување контакти, превенција), вклучувајќи и резистентни форми на ТБ (MDR-TB, XDR-TB, итн.).

– Третман на ТБ инфекција (ТБИ) (скрининг, дијагноза - со интерпретација на IGRA-тестови, терапија, следење).

– Координација со други специјалисти за конзилијарен и мултидисциплинарен пристап во третманот на болестите и коморбидитетите.

Во периодот 29.11.2017 – 21.1.2020 година е Раководител на Одделот за туберкулоза со микробиолошка лабораторија, а од 21.1.2020 година е Раководител на Одделот за акутни белодробни болести и ултрасонографија. Од септември 2020 година до април 2022 година работи како Раководител и водач на тим за комплетен третман на болните со Ковид-19, во Ковид-центарот на ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза.

Докторска дисертација пријавува во 2016 година на Медицински факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Докторските студии ги завршува со просечен успех **9,71**, а дисертацијата на тема „**Компаративна студија на дијагностичките постапки за молекуларна брза директна детекција на *Mycobacterium tuberculosis* complex и резистенцијата кон рифампицин со класичните микробиолошки методи кај белодробна туберкулоза**" ја брани на 27.5.2019 година пред Комисијата во состав: проф. д-р Горица Брешковска (претседател), проф. д-р Бисерка Ќаева-Јовковска (член), проф. д-р Милена Петровска (ментор), проф. д-р Сашо Панов (член), проф. д-р Лилјана Симоновска

(член). Со тоа се стекнува со научниот степен доктор на медицински науки – клиничка медицина од областа на пулмологијата.

На 17.2.2021 година е избрана за асистент на Катедрата за интерна медицина на Медицински факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, од наставно-научната област интерна медицина.

На 17.5.2022 година е промовирана во звање примариус од министерот за здравство на Република Северна Македонија.

Своето образование во континуитет го надоградува преку студиски престои во странство, континуирана медицинска едукација и сертифицирани тренинзи и работилници.

Кандидатката активно се служи со англиски, српски и хрватски јазик.

**Општи услови за избор:**

– **Просечен успех:** остварен просечен успех од **9,81** на студиите од прв циклус и **9,71** на студиите од трет циклус на Медицински факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

– **Научен степен:** на 27.5.2019 год. одбранета докторска дисертација на Медицински факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на тема: „**Компаративна студија на дијагностичките постапки за молекуларна брза директна детекција на *Mycobacterium tuberculosis* complex и резистенцијата кон рифампицин со класичните микробиолошки методи кај белодробна туберкулоза**“, со што се стекнува со научниот степен доктор на медицински науки – Клиничка медицина од областа на Пулмологијата.

– **Претходен избор во звање:** со Одлука број 02-602/38 од 17.2.2021 година на Наставно-научниот совет на Медицински факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е избрана за асистент по предметот ИНТЕРНА МЕДИЦИНА.

– **Објавени научни трудови во референтна научна публикација во изминатите 5 години:**

| **Бр.** | **Автор** | **Наслов** | **Списание** | **Година на излегување на списанието** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Gjuzelova, AA., Nakova, VV., **Nanovic, Z.,** et al. | Association of Inflammatory Markers with Disease Severity and Outcome in Covid-19 Patients | Pril (Makedon Akad Nauk Umet Odd Med Nauki), 2023; 44(1):89-95. | 2023<br>PMID: 36987769<br>Cited in EBSCO |
| 2. | Karanfilovski, V., Janev, O., **Nanovic, Z.**, Krstikj, L. | Antisynthetase syndrome: a rare and challenging diagnosis - case report and literature review | Rheumatology (Bulgaria), 2022; 30(3): 73-80. | 2022<br>Indexed by SCImago Journal Rank, Scopus, EMBASE |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3. | Molina-Moya, B., Guglielmetti, L., Bothamley, G., et al. (**Nanovikj, Z.**) | Use and impact of molecular methods for detecting drug-resistant TB | The International Journal of Tuberculosis and Lung Disease, 2021; 25(2): 157-159. | 2021<br>PMID: 33656431<br>Cited in EBSCO, Web of Sciences<br>IF 3,4 |
| 4. | Sane Schepisi, M., Navarra, A., Altet Gomez, MN., et al. (**Nanovic, Z.**) | Burden and Characteristics of the Comorbidity Tuberculosis-Diabetes in Europe: TBnet Prevalence Survey and Case-Control Study. | Open Forum Infect Dis. 2019 Jan; 6(1): ofy337 | 2019<br>PMID: 30697572<br>Cited in Scopus, Web of Science<br>IF 3,656 |
| 5. | Bothamley, GH., Andre, E., Kuksa, L., Barkana, L., Keane, J., Veziris, N., et al. (**Nanovic, Z.**). | National advisory services for multidrug-resistant tuberculosis (MDRTB) in Europe: an ERS-TBnet survey. | Eur Respir J 2019;54. | 2019<br>Cited in Web of Science<br>IF 12,339 |
| 6. | **Nanovic, Z.**, Shurbevska-Boneva, B., Breskovska, G., Kaeva-Jovkovska, B., Panov, S., Petrovska, M. | Evaluation of the GeneXpert MTB/RIF assay for rapid diagnosis of tuberculosis and detection of rifampicin resistance in respiratory specimens. | Medicus 2019, Vol. 24 (1): 7-12. | 2019 |
| 7. | **Nanovic, Z.**, Kaeva-Jovkovska, B., Breskovska, G., Petrovska, M. | Key Issues in the Management of Multi-Drug Resistant Tuberculosis: A Case Report. | Open Access Maced J Med Sci. 2018 Jul 20; 6 (7): 1282-1288. | 2018<br>PMID: 30087738<br>______________<br>Cited in Scopus |
| 8. | Guglielmetti, L., Tiberi, S., Burman, M., Kunst, H., Wejse, C., Togonidze, T., et al. (**Nanovikj, Z.**) | QT prolongation and cardiac toxicity of new tuberculosis drugs in Europe: a Tuberculosis Network European Trialsgroup (TBnet) study. | Eur Respir J. 2018 Aug 16;52(2):1800537. | 2018<br>PMID: 29880656.<br>Cited in Web of Science<br>IF 11,807 |

– **Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик:** англиски јазик.

– **Способност за изведување на високообразовна дејност:** во периодот во кој е избрана за асистент д-р Зорица Нановиќ е активно вклучена во реализација на практичната настава (вежби) по предметите кои ги координира Катедрата за интерна медицина на Медицински факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје: Клиничка пракса (пулмологија) и Интерна медицина – пулмологија.

**Посебни услови за избор:**

Учество во научноистражувачки проекти со значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати:

**1. Учество во национален научен проект:**

– Проект на Глобален фонд за контрола на ХИВ/СИДА, туберкулоза и маларија во Република Македонија, „ДОТС интервенции во Република Македонија“. Активности во надлежност на Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза Скопје (2006–2017).

– Оперативно истражување за вонбелодробна ТБ, во склоп на Проектот на Глобален фонд за контрола на ХИВ/СИДА, туберкулоза и маларија во Република Македонија, „ДОТС интервенции во Република Македонија”, 2014 година.

– Проект „Подобрување на квалитетот на живот кај пациентите со хронична опструктивна белодробна болест (ХОББ) со примена на долгоделувачки антихолинергик“. Институт за белодробни заболувања и туберкулоза Скопје, 2009 година.

**2. Учество во меѓународен научен проект:**

– Xpert MTB/RIF false positive results in patients with tuberculosis: risk factors and impact on clinical outcome. The Tuberculosis Network European Trials Group (TBnet) study (2023) именувана за носител на проектот во Република Северна Македонија.

– COST ACTION CA21147 (European Network on Optimising Treatment with Therapeutic Antibodies in chronic inflammatory diseases” (ENOTTA) (2022–2026).

– COST ACTION CA21164 (TowArDs an improVement in diAgNostiCs and trEatment strategies for TB control (ADVANCE-TB) (2022–2026).

– Burden and Characteristics of the Comorbidity Tuberculosis—Diabetes in Europe: TBnet Prevalence Survey and Case-Control Study (2018).

– National advisory services for multidrug-resistant tuberculosis (MDRTB) in Europe: an ERS-TBnet survey (2018).

– QT prolongation and cardiac toxicity of new tuberculosis drugs in Europe: a Tuberculosis Network European Trials group (TBnet) study (2017).

– Socio-demographic and clinical characteristics of patients with tuberculosis and diabetes in European countries. A TB-net study (2015).

**Препораки:**

1. Препорака од проф. д-р Јованка Карацинска-Бислимовска, редовен професор на Катедрата по медицина на труд на Медицински факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, специјалист по медицина на труд и супспецијалист по пулмологија и алергологија, вработена во Институтот за медицина на труд на Република Северна Македонија, колаборативен центар на СЗО.

2. Препорака од проф. д-р Горица Брешковска, редовен професор во пензија на Катедрата по интерна медицина на Медицински факултет во Скопје при  Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, специјалист по интерна медицина и супспецијалист по пулмологија и алергологија.

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

Со Одлука број 02-602/38 од 17.2.2021 година на Наставно-научниот совет на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е избрана за асистент по предметот ИНТЕРНА МЕДИЦИНА. Во периодот во кој е избрана за асистент, д-р Зорица Нановиќ е активно вклучена во реализација на практичната настава (вежби) по предметите кои ги координира Катедрата за интерна медицина на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје: Клиничка пракса (пулмологија) и Интерна медицина – пулмологија.

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

Како автор и коавтор, д-р Зорица Нановиќ има објавено 40 научни трудови од областа на пулмологијата, од кои 5 во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 6 во научни списанија со меѓународен уредувачки одбор и 29 во зборници од научни собири.

При овој избор се приложени следните трудови:

A. Научни трудови in extenso објавени во референтна научна публикација:

1. Gjuzelova, AA., Nakova, VV., **Nanovic, Z.**, Metodieva, M., Stojkoskaм AJ., Camurovskiм N., Mitreski, V., Krstevska, SS. Association of Inflammatory Markers with Disease Severity and Outcome in Covid-19 Patients. Pril (Makedon Akad Nauk Umet Odd Med Nauki), 2023; 44(1):89-95.

doi: 10.2478/prilozi-2023-0010.

PMID: 36987769

Cited in EBSCO

Во трудот е обработена кохорта составена од 104 пациенти со Ковид-19 (потврден со PCR), хоспитализирани и третирани во Ковид-центарот на ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза – Скопје за време на пандемијата на оваа болест, со акцент на предиктивната вредност на инфламаторните маркери за тежината на болеста и прогнозата. Резултатите од студијата покажаа постоење на сигнификантна асоцираност меѓу високите нивоа на CRP, LDH, IL-6 и прокалцитонин, и тежината на болеста и морталитетот.

2. Nikolova, M., **Nanovic, Z.,** Gievska, S. Approach for screening and early diagnosis of Alzheimer's disease through detection of Linguistic deficiencies and other Biomarkers. In: Zdravkova K, Basnarkov L, ICT Innovations 2022. Reshaping the Future Towards a New Normal. 14th International Conference, ICT Innovations 2022, Skopje, Macedonia, September 29–October 1, 2022, Web Proceedings. Cham, Switzerland: Springer; 2022. p. 30-45. (CCIS, volume 1740)

Indexed by Scopus

Во трудот е презентирана идеја како Artificial Intelligence (AI) и Machine Learning (ML) алгоритмите може да најдат примена во дијагностиката на Алцхајмеровата болест. Од податоците добиени во вербални интервјуа на 99 испитаници со веројатна Алцхајмерова болест и 99 испитаници во контролната група, идентифицирани се и селектирани различни синтактички и лексички лингвистички биомаркери, кои потоа се анализирани со различни автоматизирани ML дијагностички модели. Резултатите покажуваат дека ваквиот пристап кај повозрасната популација поседува потенцијал на адекватна и моќна алатка, која би можела да биде од помош при класичната невро-психијатриска дијагноза на Алцхајмеровата болест.

3. Karanfilovski, V., Janev, O., **Nanovic, Z.**, Krstikj, L. Antisynthetase syndrome: a rare and challenging diagnosis - case report and literature review. Rheumatology (Bulgaria), 2022; 30(3): 73-80. (submitted on 08.04.2022, accepted for publishing on 31.08.2022)

https://doi.org/10.35465/30.3.2022.pp73-80

Достапно на:

https://www.rheumatologybg.org/journal/index.php?journal=revmatologiia&page=article&op=view&path%5B%5D=157&path%5B%5D=165

Indexed by SCImago Journal Rank, Scopus, EMBASE

Трудот претставува приказ на случај на ретка идиопатска инфламаторна миопатија – Анти-синтетаза синдром, кој примарно се карактеризира со миозитис, генерално симетричен артритис и интерстицијална белодробна болест, како и присуство на серумски автоантитела кон aminoacyl-transfer RNA синтетазите. Акцентот е ставен на неспецифичната презентација и постепената еволуција на болеста, долгиот период потребен за поставување на точна дијагноза, потребата од пулмолошко иследување кај позната ревматолошка состојба, односно неопходноста од мултидисциплинарен пристап во дијагностиката и терапијата на болестите на сврзното ткиво и интерстицијалните белодробни болести.

4. Molina-Moya, B., Guglielmetti, L., Bothamley, G., van Leth, F., Lange, C., Dominguez, J. & TBnet Study Group (Chesov, D., Danilovits, M., Dedicoat, M., Duarte, R., Dudnyk, A., Gyorfy, Z., Hauksdottir, GS., Ibraim, E., Kirakosyan, O., Kruczak, K., Kuksa, L., Kurhasani, X., Lillebaek, T., Magis-Escurra, C., Mclaughlin, AM., Muylle, I., **Nanovikj, Z.**, Pace-Asciak, A., Pesut, D., Rumetshofer, R., Solovic, I., Luiza de Souza Galva˜o M, Togonidze, T., Zmak, L.). Use and impact of molecular methods for detecting drug-resistant TB. The International Journal of Tuberculosis and Lung Disease, 2021; 25(2): 157–159.

PMID: 33656431

DOI: 10.5588/ijtld.20.0527

Cited in EBSCO, Web of Sciences

IF 3,4

Во трудот е презентирана големината на проблемот со резистентна туберкулоза (во 2018 година МДР-ТБ е регистрирана кај 18 % од новодијагностицираните и 52 % од претходно лекуваните случаи на ТБ). Анализата на достапните дијагностички методи во 45 земји на ЕУ/ЕЕА – конвенционални (микроскопија, култура, фенотипска резистенција на антуберкулотици), брзи молекуларни (PCR, LPA – за идентификација на *M. tuberculosis* и генотипска резистенција на антитуберкулотици), секвенционирање на геномот на *M. tuberculosis* – покажува дека молекуларните тестови за предикција на резистенција на *M. tuberculosis* на антитуберкулотици се во широка употреба, но е потребно проширување на нивната палета (покрај Xpert MTB/RIF). Покрај тоа, терапевтската одлука не секогаш е водена од наодот за резистенција добиен од овие тестови, што може да има сериозни клинички последици, и бара надградба со примена на сеопфатни молекуларни тестови и секвенционирање на геномот на *M. tuberculosis*.

5. Sane Schepisi, M., Navarra, A., Altet Gomez, MN., Dudnyk, A., Dyrhol-Riise, AM., Esteban, J., Giorgetti, PF., Gualano, G., Guglielmetti, L., Heyckendorf, J., Kaluzhenina, A., Lange, B., Lange, C., Manika, K., Miah, J., **Nanovic, Z.**, Pontali, E., Prego, MR., Solovic, I., Tiberi, S., Palmieri, F., Girardi, E. Burden and Characteristics of the Comorbidity Tuberculosis-Diabetes in Europe: TBnet Prevalence Survey and Case-Control Study. Open Forum Infect Dis. 2019 Jan; 6(1): ofy337.

doi: 10.1093/ofid/ofy337.

PMID: 30697572

PMCID: PMC6330516.

Cited in Scopus, Web of Science

IF 3,656

Diabetes mellitus (DM; ДМ), како коморбидитет, го зголемува ризикот од туберкулоза (ТБ) три пати, ја модифицира клиничката презентација на белодробната ТБ и ја влошува прогнозата на ТБ. Предмет на трудот се: 1) Пресечна студија, спроведена во 11 европски референтни центри за ТБ во периодот 2007–2015 година, кај консекутивно дијагностицирани пациенти со ТБ, со цел да се утврди преваленцата на ДМ кај пациентите со ТБ; 2) Случај-контрола студија, спроведена во 13 европски центри, во која се компарирани кохорта на пациенти со ТБ и ДМ и кохорта на пациенти само со ТБ, со цел да се испита влијанието на овој коморбидитет врз клиничката презентација на пациентите со ТБ. Резултатите од студиите покажаа дека просечната преваленца на ДМ кај болните од ТБ изнесува 10,7 %, ДМ е почест кај повозрасната популација, и пациентите со белодробна ТБ и ДМ почесто имаат кавернозна форма на болеста.

